# 2022-2026
# СТРАТЕШКИ ПЛАН
# НА
# СОБРАНИЕТО
# НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА



## М И С И Ј А

ДА ГИ ПРЕТСТАВУВА ГРАЃАНИТЕ, ДА НОСИ ЗАКОНИ И ДА ВРШИ КОНТРОЛА И НАДЗОР НАД ИЗВРШНАТА ВЛАСТ

## В И З И Ј А

ОТВОРЕНА, ОДГОВОРНА И МОДЕРНА ЗАКОНОДАВНА ВЛАСТ ВО ФУНКЦИЈА НА ГРАЃАНИТЕ

## С Т Р А Т Е Ш К И   Ц Е Л И
## 2022 - 2026

- ФУНКЦИОНАЛЕН ПАРЛАМЕНТ
- ОТВОРЕН ПАРЛАМЕНТ
- ДИГИТАЛЕН ПАРЛАМЕНТ
- БЕЗБЕДЕН ПАРЛАМЕНТ
- ПАРЛАМЕНТАРНА ДИПЛОМАТИЈА
- ЕФИКАСНА СЛУЖБА

# НАДЛЕЖНОСТИ И ОРГАНИЗАЦИЈА

Република Северна Македонија е држава со парламентарна демократија. Една од темелните вредности на уставниот поредок е поделбата на државната власт на законодавна, извршна и судска. Улогата на Собранието е суверено да донесува закони, да ги претставува граѓаните и да ја контролира Владата. Работата на Собранието се уредува со Уставот, Законот за Собранието и Деловникот на Собранието.

ПРЕТСТАВНИЧКАТА ФУНКЦИЈА на Собранието се остварува преку комуникација меѓу пратениците и граѓаните. Канцелариите за контакт со граѓаните претставуваат значајна форма за комуникација на пратениците со граѓаните и избирачите во нивните изборни единици.

ЗАКОНОДАВНАТА ФУНКЦИЈА на Собранието се остварува преку донесување на закони во постапка уредена со Деловникот. Собранието за вршење на работите од својата надлежност донесува и одлуки, декларации, резолуции, препораки, заклучоци и основа органи и тела.

ПОЛИТИЧКА КОНТРОЛА И НАДЗОР Собранието врши преку пратенички прашања, интерпелација, прашање за доверба на Владата и анкетни комисии над Владата и над други носители на јавни функции што се одговорни пред Собранието. Во рамките на остварувањето на надзорната функција, се организираат надзорни расправи за надзор над спроведувањето на политиките и извршувањето на законите.

## Работата на Собранието се одвива преку:

21 работно тело (комисии);

3 совети;

Постојана анкетна комисија за заштита на слободата и правата на граѓанинот;

Комитет за односи меѓу заедниците;

Клуб на пратенички;

Клуб за младински прашања и политики, и

3 интер партиски парламентарни групи:

- за правата на лица со посебни способности;
- за правата на Ромите во РМ;
- за правата на ЛГБТИ лицата.

## Парламентарната дипломатија се одвива преку

11 делегации во меѓународни парламентарни собранија и други мултилатерални форуми и

51 пратенички групи за билатерална соработка.

Пратеничките групи во Собранието имаат еден асистент на секој пет пратеници и пратениците имаат канцеларија со асистент во местото каде што се избрани.

## Работата на Собранието е поддржана од:

софтвери (е-парламент, е-библиотека, е-законодавна архива и системи за електронска комуникација) и ИКТ опрема, ИСО стандарди за квалитет, Заедничка рамка за проценка (CAF) и Стратегија за справување со ризици.

Зградата на Собранието е изградена од 1936 година со доградба од 2016 година со вкупно 18.127 $м^2$ простор. Секој пратеник има своја канцеларија во зградата.

Работата на Собранието ја поддржува собраниската служба раководена од генерален секретар.
Собраниската служба е составена од собраниски службеници и помошно-технички лица организирани во:

- еден кабинет,
- 15 сектори,
- 49 одделенија во рамките на секторите и кабинетот,
- една посебна организациона единица – Парламентарен институт,
- две посебни организациони единици како одделенија.

Генералниот секретар има заменици кои го заменуваат во случај на спреченост или отсуство и му помагаат во неговата работа.

Согласно Законот за Собранието формиран е Совет на собраниска служба, како посебно советодавно тело на Генералниот секретар. Советот е составен од сите раководители на сектори и организациони единици на чии предлози Генералниот секретар на Собранието донесува одлуки поврзани со Актите за внатрешна организација и систематизација на работните места. Советот дава предлози за вработувања и унапредувања согласно потребите на секоја организациона единица.

# СЛЕДЕЊЕ И ОЦЕНУВАЊЕ

Следењето на остварувањето на целите и активностите во Стратешкиот план ќе се врши постојано во рамките на Собранието на Република Северна Македонија преку раководните структури. Формата на следење ќе биде годишен Извештај за спроведување на Стратешкиот план кој ќе се изработува во првиот квартал од секоја година за претходната година и ќе претставува основа за планирањето на годишните ревизии на Стратешкиот план.

# ЦЕЛИ НА СТРАТЕШКИОТ ПЛАН 2022-2026

## ФУНКЦИОНАЛЕН ПАРЛАМЕНТ

1. Зајакната претставничка функција
2. Остварување на законодавна функција
3. Зајакната надзорна функција
4. Граѓанско учество во законодавниот процес
5. Информирани пратеници
6. Подобрена правна рамка за работата на Собранието
7. Календар на активности
8. Родово сензитивен парламент

## ОТВОРЕН ПАРЛАМЕНТ

1. Промовирање на култура на отвореност и вклучена и информирана јавност и ранливи категории граѓани
2. Реформа на собранискиот канал
3. Собранието дел од Партнерството за отворена власт
4. Стратегија за комуникација со јавноста на Собранието
5. Транспарентност и отворени поадатоци

## ДИГИТАЛЕН ПАРЛАМЕНТ

1. Превентивно и адаптивно одржување на постојни системи на софтвер и хардвер
2. Дигитализација на услуги
3. Безбедност на мрежата
4. Информатичка опрема и хардвер
5. Подобрување на комуникацијата, интранет и интернет конекциите
6. Аудио и видео опрема

## БЕЗБЕДЕН ПАРЛАМЕНТ

1. Собраниско обезбедување и физичка безбедност
2. Изработка на безбедносни протоколи
3. Модернизирање на надворешна инфраструктура и периметар
4. Реконструкција на просторија за состаноци од класифициран карактер
5. Безбедно снабдување со енергија

## ПАРЛАМЕНТАРНА ДИПЛОМАТИЈА

1. Остварување на стратешки цели на надворешната политика
2. Поддршка на парламентарната дипломатија

## ЕФИКАСНА СЛУЖБА

1. Административна независност
2. Буџетска независнсот
3. Екипираност и политика на задржување на кадарот
4. Професионален развој на вработените и континуирано учење
5. Комплетирање на системите за управување со квалитет
6. Спроведување на заедничка рамка за оценка во Собранието (КАФ)
7. Справување со ризици во работните процеси и функционирањето
8. Енергетски ефикасен парламент
9. Парламент без хартија
10. Здравје и заштита при работа
11. Себе-евалуација

# ЦЕЛ 1 >> ФУНКЦИОНАЛЕН ПАРЛАМЕНТ

## ПРИОРИТЕТИ

1 ЗАЈАКНАТА ПРЕТСТАВНИЧКА ФУНКЦИЈА

2 ОСТВАРУВАЊЕ НА ЗАКОНОДАВНА ФУНКЦИЈА

3 ЗАЈАКНАТА НАДЗОРНА ФУНКЦИЈА

4 ГРАЃАНСКО УЧЕСТВО ВО ЗАКОНОДАВНИОТ ПРОЦЕС

5 ИНФОРМИРАНИ ПРАТЕНИЦИ

6 ПОДОБРЕНА ПРАВНА РАМКА ЗА РАБОТАТА НА СОБРАНИЕТО

7 КАЛЕНДАР НА АКТИВНОСТИ

8 РОДОВО СЕНЗИТИВЕН ПАРЛАМЕНТ

> > >

## ПОВАЖНИ ВРЕДНОСТИ

90% ФУНКЦИОНАЛНИ КАНЦЕЛАРИИ ЗА КОНТАКТ СО ГРАЃАНИ, 6 ЧАСА ВИДЕО РЕПОРТАЖИ ЗА КАНЦЕЛАРИИТЕ

100% ОРГАНИЗИРАНИ ЗАКАЖАНИ ПЛЕНАРНИ СЕДНИЦИ, НАДЗОРНИТЕ И ЈАВНИ РАСПРАВИ

ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ДЕЛОВНИКОТ НА СОБРАНИЕТО, ВОВЕДЕНА ПОТКОМИСИЈА ЗА РЕВИЗОРСКИ ИЗВЕШТАИ, АКТ ЗА НАДЗОРОТ НАД БЕЗБЕДНОСНИТЕ СЛУЖБИ, АКТ НА ЗА РЕГУЛИРАЊЕ НА НАДЗОРНИ РАСПРАВИ И ФУНКЦИОНАЛНА ПБК

100% ОДГОВОРЕНИ БАРАЊА ЗА АНАЛИЗИ, ОБУКИ, ДИСТРИБУИРАНИ 12 ЕУ ВЕСНИЦИ И МПК БИЛТЕНИ, ИНДЕКСИРАН АРХИВСКИ И БИБЛИОТЕЧЕН ФОНД

ПРИМЕНА НА ЕТИЧКИ КОДЕКС, ДОНЕСЕН ПРАВЕН АКТ ЗА НОМОТЕХНИКА, ПРАВИЛНИК ЗА АКРЕДИТАЦИЈА ЗА СРЕДСТВАТА ЗА ЈАВНО ИНФОРМИРАЊЕ

66% ОД ЗАКОНОДАВНИТЕ АКТИВНОСТИ ОДДРЖАНИ СПОРЕД КАЛЕНДАР НА АКТИВНОСТИ

# ЦЕЛ 2 >> ОТВОРЕН ПАРЛАМЕНТ

## ПРИОРИТЕТИ

1 ПРОМОВИРАЊЕ НА КУЛТУРА НА ОТВОРЕНОСТ И ВКЛУЧЕНА И ИНФОРМИРАНА ЈАВНОСТ И РАНЛИВИ КАТЕГОРИИ ГРАЃАНИ

2 РЕФОРМА НА СОБРАНИСКИОТ КАНАЛ

3 СОБРАНИЕТО ДЕЛ ОД ПАРТНЕРСТВОТО ЗА ОТВОРЕНА ВЛАСТ

4 СТРАТЕГИЈА ЗА КОМУНИКАЦИЈА СО ЈАВНОСТА НА СОБРАНИЕТО

5 ТРАНСПАРЕНТНОСТ И ОТВОРЕНИ ПОДАТОЦИ

## ПОВАЖНИ ВРЕДНОСТИ

12 ОТВОРЕНИ ДЕНОВИ, 4000 ГРАЃАНИ, 6 СЕМИНАРИ И 750 УЧЕНИЦИ И СТУДЕНТИ НА ГОДИШНО НИВО, ИСПЕЧАТЕНИ 10000 ПАКЕТИ И 30 ЧАСА ЕДУКАТИВЕН ВИДЕО МАТЕРИЈАЛ, АУДИО МАТЕРИЈАЛИ И БРАЈОВО ПИСМО ЗА ГРАЃАНИ СО ОШТЕТЕН ВИД, ДЕМОКРАТСКИ РАБОТИЛНИЦИ ЗА МЛАДИ

ОПРЕМЕНО ТВ СТУДИО, АНГАЖИРАН КАДАР, ЕМИТУВАЊЕ ПРОГРАМА

80% РЕАЛИЗАЦИЈА НА АКТИВНОСТИТЕ ОД АКЦИСКИОТ ПЛАН КОН ПАРТНЕРСТВОТО ЗА ОТВОРЕНА ВЛАСТ

ДОНЕСЕНА СТРАТЕГИЈА ЗА КОМУНИКАЦИЈА СО ЈАВНОСТА

КРЕИРАНИ ПОДАТОЧНИ СЕТОВИ ОД СИТЕ ОРГАНИЗАЦИОНИ ЕДНИНИЦИ И ДОСТАПНИ ОН-ЛИНЕ ВО ПРЕБАРЛИВ ФОРМАТ

# ЦЕЛ 3 >> ДИГИТАЛЕН ПАРЛАМЕНТ

## ПРИОРИТЕТИ

1. ПРЕВЕНТИВНО И АДАПТИВНО ОДРЖУВАЊЕ НА ПОСТОЈНИ СИСТЕМИ НА СОФТВЕР И ХАРДВЕР
2. ДИГИТАЛИЗАЦИЈА НА УСЛУГИ
3. БЕЗБЕДНОСТ НА МРЕЖАТА
4. ИНФОРМАТИЧКА ОПРЕМА И ХАРДВЕР
5. ПОДОБРУВАЊЕ НА КОМУНИКАЦИЈАТА, ИНТРАНЕТ И ИНТЕРНЕТ КОНЕКЦИИТЕ
6. АУДИО И ВИДЕО ОПРЕМА

## ПОВАЖНИ ВРЕДНОСТИ

РАЗВОЈ НА АПЛИКАТИВНИ РЕШЕНИЈА ЗА: КАНЦЕЛАРИИТЕ ЗА КОНТАКТ СО ГРАЃАНИТЕ, РЕГИСТАР НА НВО, LEGISLATIVE TRACKING, ПИШАНА КАРТОТЕКА, ВИДЕО И АУДИО АРХИВА, ИНФОГРАФИЦИ, СТАНДАРДИЗИРАНИ ОБРАСЦИ ЗА ИЗВЕШТАИ И ЗАПИСНИЦИ ОД РАБОТНИ ТЕЛА, ИНИЦИЈАТИВИ ДО ЗАКОНОДАВНАТА ВЛАСТ, ДМС, МКФ, FAILOVER КЛАСТЕР, ЕВИДЕНЦИЈА НА ОПРЕМА, ОНЛИНЕ ПОРТАЛ ЗА ОТВОРЕНИ ПОДАТОЦИ, ПРЕВОД ОД ГОВОР НА ТЕКСТ

FIREFALL ЗАШТИТА И VPN ИНФРАСТРУКТУРА

ОПРЕМУВАЊЕ СО ДЕСКТОП И ПРЕНОСНИ КОМЈУТЕРИ, ПРИНТЕРИ, МАШИНИ ЗА ПЕЧАТНИЦАТА, СЕРВЕРИ, BACKUP УРЕДИ И ИНФОРМАТИЧКА ОПРЕМА, ДИГИТАЛНИ ПОТПИСИ

ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦИ, КОРПОРАТИВНА БЕЗЖИЧНА (WIFI) МРЕЖА И НОВА ВЕБ СТРАНА

ЕЛЕКТРОНСКИ СИСТЕМ ЗА ГОВОРЕЊЕ И ГЛАСАЊЕ, МЕРАЧИ НА ВРЕМЕ, КАМЕРИ СО ЗА ИНТЕРНЕТ ПРЕНОС, ХАРДВЕР ЗА ВИДЕО КОНФЕРЕНЦИИ И ДИГИТАЛЕН КОНФЕРЕНЦИСКИ СИСТЕМ

# ЦЕЛ 4 >> БЕЗБЕДЕН ПАРЛАМЕНТ

## ПРИОРИТЕТИ

1. СОБРАНИСКО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ
2. ИЗРАБОТКА НА БЕЗБЕДНОСНИ ПРОТОКОЛИ
3. МОДЕРНИЗИРАЊЕ НА НАДВОРЕШНА ИНФРАСТРУКТУРА И ПЕРИМЕТАР
4. РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ПРОСТОРИЈА ЗА СОСТАНОЦИ ОД КЛАСИФИЦИРАН КАРАКТЕР
5. БЕЗБЕДНО СНАБДУВАЊЕ СО ЕНЕРГИЈА

## ПОВАЖНИ ВРЕДНОСТИ

ИЗМЕНИ ВО ПРАВНА РАМКА

НАБАВКА НА РАМПИ, СТОЛБОВИ, ЛЕНТИ ЗА КОНТРОЛА НА ВЛЕЗ ВО НАДВОРЕШНИОТ ПЕРИМЕТАР СО ТРИНОЖНИЦИ НА ВЛЕЗОВИТЕ

РЕГУЛИРАЊЕ НА ПАРКИНГ ПРОСТОР ЗА АВТОМОБИЛИ, ВЕЛОСИПЕДИ И ЕЛЕКТРИЧНИ ТРОТИНЕТИ

ОПЛЕМЕНУВАЊЕ НА ЗЕЛЕНИЛО И ИНСТАЛАЦИЈА НА УРБАНА ОПРЕМА

СТАВАЊЕ ВО ФУНКЦИЈА НА ЗАШТИТЕНА СОБА

НАБАВЕНИ АГРЕГАТ, РЕНГЕН МАШИНИ И РЕФЛЕКТОРИ ВО БОЈА

# ЦЕЛ 5 >> ПАРЛАМЕНТАРНА ДИПЛОМАТИЈА

## ПРИОРИТЕТИ

1. ОСТВАРУВАЊЕ НА СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ НА НАДВОРЕШНАТА ПОЛИТИКА
2. ПОДДРШКА НА ПАРЛАМЕНТАРНАТА ДИПЛОМАТИЈА

## ПОВАЖНИ ВРЕДНОСТИ

УЧЕСТВО НА БИЛАТЕРАЛНИ И МУЛТИЛАТЕРАЛНИ НАСТАНИ И ПАРЛАМЕНТАРНИ СОБРАНИЈА И ОРГАНИЗАЦИИ

ОДОБРУВАЊЕ НА ПРЕГОВАРАЧКИТЕ ПОЗИЦИИ НА ДРЖАВАТА ВО ПРЕГОВОРИТЕ СО ЕУ

ПРИСУСТВО ВО ССА ПРОЦЕСОТ

СОБРАНИЕТО НАЈМАЛКУ ЕДНАШ ГОДИШНО ДОМАЌИН НА МЕЃУНАРОДНА ИНИЦИЈАТИВА ИЛИ ОРГАНИЗАЦИЈА

ЕВИДЕНЦИЈА И ПОДГОТВКА НА ПОТСЕТНИЦИ ЗА БИЛАТЕРАЛНИ И МУЛТИЛАТЕРАЛНИ ОДНОСИ СО ДРУГИ ПАРЛАМЕНТИ И ДРЖАВИ

ДОНЕСУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИК ЗА СЛУЖБЕНИ ПАТУВАЊА

ЈАВНИ РАСПРАВИ, ТРИБИНИ СО УЧЕСТВО НА ПРАТЕНИЦИ, СТУДЕНТИ, ГРАЃАНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ, БИЗНИС СЕКТОР, ВО СОБРАНИЕ КАКО И НА ТЕРЕН.

# ЦЕЛ 6 >> ЕФИКАСНА СЛУЖБА

## ПРИОРИТЕТИ

1. АДМИНИСТРАТИВНА НЕЗАВИСНОСТ
2. ФИНАНСИСКА НЕЗАВИСНОСТ
3. ЕКИПИРАНОСТ И ПОЛИТИКА НА ЗАДРЖУВАЊЕ НА КАДАРОТ
4. ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ НА ВРАБОТЕНИТЕ И КОНТИНУИРАНО УЧЕЊЕ
5. КОМПЛЕТИРАЊЕ НА СИСТЕМИТЕ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КВАЛИТЕТ
6. СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАЕДНИЧКА РАМКА ЗА ОЦЕНКА ВО СОБРАНИЕТО (КАФ)
7. СПРАВУВАЊЕ СО РИЗИЦИ ВО РАБОТНИТЕ ПРОЦЕСИ И ФУНКЦИОНИРАЊЕТО
8. ЕНЕРГЕТСКИ ЕФИКАСЕН ПАРЛАМЕНТ
9. ПАРЛАМЕНТ БЕЗ ХАРТИЈА
10. ЗДРАВЈЕ И ЗАШТИТА ПРИ РАБОТА
11. СЕБЕ-ЕВАЛУАЦИЈА

>>>

## ПОВАЖНИ ВРЕДНОСТИ

ПОПОЛНЕТИ РАБОТНИ МЕСТА ВО СИСТЕМАТИЗАЦИЈАТА

20% ОД ВРАБОТЕНИТЕ ДА КОРИСТАТ СРЕДСТВА ЗА СТРУЧНО И ПРОФЕСИОНАЛНО УСОВРШУВАЊЕ

ВОВЕДЕНИ ИСО СТАНДАРДИ 27001 И 14000

НАМАЛУВАЊЕ НА ПОТРОШУВАЧКАТА НА ЕНЕРГИЈА ЗА 30%

НАМАЛУВАЊЕ НА ХАРТИЈА ЗА ПРИНТАЊЕ ЗА 30%

СПРОВЕДУВАЊЕ НА КАФ ПЛАНОТ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА СОСТОЈБАТА

СПРОВЕДУВАЊЕ НА СТРАТЕГИЈАТА ЗА РИЗИЦИ И РЕГИСТАРОТ ЗА РИЗИЦИ